# Извадок на дел од дневни настани 30.11.2023

Денеска (30.11.2023), полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.Ј.(45), А.Б.(21) и Ф.Б.(26), сите од Скопје. При претрес во домот на Е.Ј. на подрачјето на Шуто Оризари, извршен со судска наредба, во кој биле затекнати А.Б. и Ф.Б., биле пронајдени и одземени марихуана, бела прашкаста материја, дигитална вага со остатоци од марихуана, дробилка со остатоци од марихуана и пари во различни валути и апоени. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против нив ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (30 ноември) во СВР Тетово е извршен службен разговор со 23-годишниот Б.Л. од тетовска Мала Речица, кој е второто лице осомничено за симнување на знамето на Македонската православна црква-Охридска архиепископија од јарболот на манастирот „Свети Наум Охридски Чудотворец" на Попова Шапка и поставување на знамето на Република Албанија. По документирање на случајот и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.11.2023 околу 20.30 часот на регионалниот пат Струга -Дебар, кај место викано „Суво поле", полициски службеници од Полициското одделение Велешта ги лишиле од слобода В.К.(45) и У.Б.(48), двајцата од Дебар. На наведеното место, полициски службеници дале знак за запирање на возило „бмв" со дебарски регистарски ознаки, кое го управувал В.К., а сопатник бил У.Б., но возилото продолжило со движење. Набргу, возилото било запрено и при преглед во него била пронајдена и одземена марихуана. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.11.2023 околу 15.00 часот во тетовски Дреновец, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 50-годишниот тетовец С.А., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 29.11.2023 околу 22.00 часот на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода К.Е.(21), Д.Е.(21) и И.С.(21), тројцата од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Тие се задржани во Полициската станица Тетово за документирање на случајот и ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 29.11.2023 во 14.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода А.Б.(19), со шведска патна исправа, затоа што при извршена проверка било констатирано дека во службената евиденција е со мерка „апси", по барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово, вчера (29.11.2023) од 08.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, најмногу автобуси и комбиња. При контролата откриени и законски санкционирани биле 11 технички неисправни возила (ТЕ-6 и ГВ-5). Седум од нив имале неисправни сопирачки (ТЕ-5 и ГВ-2), 2 (ТЕ) неисправни светлосни уреди, 1 (ТЕ) бил со истечена регистрација и 1 (ГВ) со неизвршен технички преглед. Сите технички неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај и на возачите и правните и одговорните лица изготвени им се соодветни поднесоци. Глобите за техничка неисправност се движат од 120 до 400 денари во денарска противвредност. При контролата, исто така, со адекватни поднесоци заокружени се и 5 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-4 и ГВ-1).

На 29.11.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Центар, С.С.(53) од Скопје пријавил дека на Плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник.

На 29.11.2023 во 17.35 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека на ул. „22 Декември" во Дебар, патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Н.(61) од с.Чајле, гостиварско, удрило во пешакот А.В.(63) од Дебар. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани ви Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Дебар.

На 29.11.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Центар, Ј.М.(32) од Скопје пријавил дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" бил каснат од куче скитник.

На 29.11.2023 во 07.25 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека на локалниот пат за село Горно Косоврасти, дебарско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген кенди" со дебарски регистарски ознаки, управувано од И.М.(27) од Дебар и патничко возило „фолксваген поло" со охридски регистарски ознаки, управувано од К.К.(53) од село Горно Косоврасти, дебарско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил М.Р.(37) од село Горно Косоврасти, сопатник во возилото „поло", констатирани во Специјалната болница „Св. Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Дебар.

На 29.11.2023 во 16.50 часот во Полициската станица Аеродром, М.К.(37) од Скопје пријавила дека во близина на Железничка станица во Скопје била касната од куче скитник.

На 29.11.2023 околу 15.30 часот во Полициската станица Тетово се пријавиле Б.А.(48) и М.А.(53) од тетовско Ларце, кои претходниот ден биле пријавени од 25-годишниот Н.А. од гостиварско Калиште дека околу 20.30 часот во спортска сала во Тетово, додека извршувал новинарски задачи со негова колешка, му се заканувале, а дека М.А. и физички го нападнал. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 29.11.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 7 прекршоци, од кои 6 во населено место и 1 надвор од населено место. Санкционирани биле и 26 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 2 за некористење на сигурносен појас и 11 за непрописно паркирање.

Денеска (30.11.2023) во 03.30 часот во СВР Скопје, Ј.Ф.С.(18) од Република Турција пријавил дека околу 02.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.11.2023) во 01.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ј.(29) и А.С., двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.11.2023 во 15.20 часот во СВР Скопје, Л.С.(45) од Скопје пријавил дека околу 12.30 часот на подрачјето на Бит Пазар неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Љ.Д.(44) и Б.Џ.(45), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 23.10.2023 во село Кошево, полициски службеници од СВР Штип, Шумска Полиција и ЈП Национални шуми – „Серта" од Штип ги забележале пријавените со товарно возило во кое имало огревни дрва, по што тие со возилото се дале во бегство и притоа од возилото фрлале дрва и на тој начин ги спречиле службените лица да ги престигнат, односно да ги извршат службените задачи.

Денеска (30.11.2023) во 10.00 часот во СВР Велес, директор во средно училиште во Велес пријавил дека во училишниот двор од страна на ученик во училиштето било истакнато знаме на Република Албанија. Во присуство на социјален работник со малолетникот е извршен службен разговор, а знамето е одземено. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.11.2023 во 12.40 часот во СВР Скопје, А.А.(33) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Р.(50) од Демир Капија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.09.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле куршуми со различен калибар.

На 29.11.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, Ј.Н.(55) од Скопје пријавил дека на 28.11.2023 околу 10.40 часот на работното место во една од клиниките при Комплексот клиники „Мајка Тереза", К.И., вработен во истата клиника, се однесувал агресивно кон него и се обидел физички да го нападне. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Љубљанска" со бул. „Илинден" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Б.(43) од Скопје и патничко возило „мерцедес", сопственост на МВР. Во незгодата полицискиот службеник, кој го управувал службеното возило се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Увид извршила од екипа од СВР Скопје.

На 29.11.2023 во 09.40 часот во Полициската станица Пробиштип, Р.С.(68) од Пробиштип пријавила дека во близина на Домот на културата била касната од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Н.(61) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење на работи во безбедноста". На 07.10.2023 во Штип, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

Денеска (30.11.2023) во СВР Скопје било пријавено дека во 00.16 часот на ул. „Владимир Полежиновски" настанал пожар во патничко возило „алфа ромео" со битолски регистарски ознаки, сопственост на О.Н. од Битола. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против С.В.(37) од Грузија ,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На Граничен премин Табановце, при пасошка контрола и проверка, пријавениот на увид дал возачка дозвола од Ерменија, за која по извршени детални проверки е констатирано дека е фалсификувана.

Денеска (30.11.2023) во 04.50 часот во СВР Скопје е пријавено дека во периодот од 21.30 часот на 29.11.2023 до 04.10 часот на 30.11.2023 со употреба на тврд предмет е влезено во маркет на подрачјето на Карпош и се одземени производи. Полициски службеници излегле на местото, извршен е целосен увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против С.Ј.(47) од Република Украина, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На Граничен премин Табановце, при пасошка контрола и проверка, пријавениот на увид дал возачка дозвола за која по извршено вештачење е констатирано дека е фалсификувана.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет